Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/59

# З А П И С Н И К

од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 мај 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Шеесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 мај 2020 година

2. Прашања и предлози

3. Предлог - уредба со законска сила за ограничување на собирање во групи за време на вонредна состојба

4. Предлог - уредба со законска сила за издавање на ваучери на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

**1.** Владата го разгледа и усвои Записникот од Шеесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 мај 2020 година.

**2.** Владата заклучи врз основа на член 125 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија да достави до Претседателот на Република Северна Македонија Предлог за утврдување постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период од 14 дена, со Образложение по истиот и Извештај за преземени мерки и активности на државните институции во справување со последиците од ширењето на Коронавирусот COVID-19.

<u>Точка 2</u>

**1.** Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да ги прекине постапките за интерни огласи за унапредувања и распоредувања (за околу 108 работни позиции), со оглед дека се спротивни на Законот за Влада на Република Македонија.

Заклучокот е донесен со еден глас против.

**2.** По повод укажувањето на м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, во врска со проблемот со исплата на додаток на степен на кариера, Владата заклучи да ги потврди Заклучокот од 53-та седница на Владата, одржана на 6 февруари 2018 година, Точка 76, по Информацијата во врска со стекнување на степен на кариера на државните службеници и Заклучокот од 58-та седница на Владата, одржана на 13 март 2018 година, Точка 76-Прашања и предлози.

Истовремено, ги задолжи Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство да одржат работна средба со цел да подготват соодветен предлог за изнаоѓање трајно решение за надминување на ова прашање, кој да го достават до Владата.

## Точка 3

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за ограничување на собирање во групи за време на вонредна состојба (нов текст), која дополнително ќе се усогласи.

## Точка 4

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за издавање на ваучери на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба .

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија за наредната седница на Владата да достави Предлог-уредби со законска сила за соодветно изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност и Законот за угостителска дејност во делот на потребни документи за регистрација и категоризација на објектите.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 11:25 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска